ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Извештај од набљудување бр. 10/2023

-

# ПОГЛЕД НА СОБРАНИЕ: ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**АВТОРКА: ВЛОРА РЕЧИЦА**

**СО ПРИДОНЕС НА: НИКОЛА ДОНЕВ**

**МАЈ 2023**



ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за Управување со Промени

*Оваа публикација е подготвена од Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП) која е финансирана од Владата на Швајцарија, а ја спроведува Националниот демократски институт (НДИ), Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и Центар за управување со промени (ЦУП). Содржината на публикацијата во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Владата на Швајцарија.*

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| I. | МЕТОДОЛОГИЈА | 5 |
| II. | ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ | 6 |
| III. | РЕЗИМЕ | 9 |
| IV. | ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО | 15 |
| V. | КОНТРОЛА И НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО ВРЗ ИЗВРШНАТА ВЛАСТ | 27 |
| VI. | ФУНКЦИИ НА СОБРАНИЕТО | 33 |
| VII. | ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО | 39 |
| VIII. | КОГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО | 53 |
| IX. | СОБРАНИСКА ДЕБАТА | 59 |
| X. | РЕФОРМИ | 69 |
| XI. | СРЕДНА ОЦЕНКА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО | 87 |
| XII. | ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО – ИЗВЕШТАЈ НА ФОКУС ГРУПИ | 77 |
| XIII. | ДЕМОГРАФСКА ДИСТРИБУЦИЈА НА АНКЕТНИТЕ ИСПИТАНИЦИ | 94 |
| XIV. | ГРАФИКОНИ | 96 |
| XV. | АНЕКС 1. ПРАШАЛНИК ЗА АНКЕТА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО | 101 |

ИМПРЕСУМ

**Наслов:** Поглед на Собрание: Перцепциите на граѓаните за работата на Собранието на Република Северна Македонија (2023)

**Издавач:** Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Авторка:** Влора Речица

**Со придонес на:** Никола Донев

**Уредник:** Марко Трошановски

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Печатница:** Ројал Арт

**Место и година на издавање**
Скопје 2023

**Тираж**
130

# I. МЕТОДОЛОГИЈА

Во периодот февруари – април 2023 година, Институтот за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје, во рамки на Програмата за парламентарна поддршка (ППП), **спроведе комбинирано истражување со теренска анкета и девет фокус-групи за подобро да ја истражи јавната перцепција за работата на Собранието и политичките партии, квалитетот на живот, политичките прашања и довербата во Северна Македонија.** Теренската анкета беше спроведена во периодот 22 февруари – 09 март 2023 година со примерок од 1002 испитаници над 18 годишна возраст на целата територија на државата, преку методот лице в лице. Прашалникот кој беше користен за анкетното истражување содржи 60 прашања (анекс I), додека статистичката грешка е ±3%. Студијата со фокус-групи беше спроведена во осум плански региони во Северна Македонија - Скопје (Скопскиот Регион); Штип (Источниот Регион); Гевгелија (Југоисточниот Регион); Куманово (Североисточниот Регион); Битола (Пелагонискиот Регион); Кавадарци (Вардарскиот Регион); Струга (Југозападниот Регион), Гостивар (Полошкиот Регион) и Тетово (Полошкиот Регион). Дискусиите во фокус-групи беа спроведени со 77 учесници, демографски поделени по возраст, род, професија, етничка припадност, место на живеење и политичка определба. Од вкупниот број учесници во поглед на етничка припадност, 47 беа Македонци и 28 Албанци, еден Ром, еден Влав. За подобро да се разберат разликите во мислење од демографски аспект, две фокус-групи беше водена само со албански учесници, четири со само македонски учесници, и три фокус-групи беа водени пропорционално со етничкиот состав на регионот. Податоците од фокус групите се анализирани тематски и се инкорпорирани низ студијата.

# II. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

Согласно со Уставот, Собранието на Република Северна Македонија ја има законодавната власт и во овој мандат е составено од 120 пратеници. Пратениците се избираат на непосредни избори, по пат на пропорционални изборни листи со мандат од четири години. Продолжувајќи ја неформалната пракса, во октомври 2019, Премиерот на тогашната влада на СДСМ, Зоран Заев најави лидерска средба на која предложи предвремени парламентарни избори,[1] петти по ред предвремени парламентарни избори за земјата. Изборите дојдоа откако земјата не беше во можност да ги отпочне преговорите со Европската Унија (ЕУ), поради францускoто вето и разнишаната доверба во владата на СДСМ, чија платформа главно се засноваше на непрекинатиот пат на земјата кон ЕУ. Во февруари 2020 година, претседателот на Собранието, Талат Џафери, во рамките на своите уставни и законски надлежности, ги распиша изборите[2] на 12 април.[3] И покрај плановите парламентарните избори да се одржат во април, поради влошената ситуација со Ковид 19 пандемијата тие беа одложени и конечно одржани на 15 јули 2020 година.

На овие избори, СДСМ и коалицијата „Можеме“ - освои 46 пратеници, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Обнова за Македонија“, освои 44 пратеници, додека Демократската унија за интеграција (ДУИ), освои 15 пратеници. Коалиција Алијансата за Албанците и Алтернатива освои 12 пратеници, Левица освои 2 пратеника, додека Демократската партија на Албанците освои 1 пратеник. Владина коалиција се формираше помеѓу СДСМ и коалиција „Можеме“, ДУИ и ДПА, по неколку недели преговори помеѓу политичките партии. Со оваа коалиција, Владата осигура мнозинство во Собранието со 62 пратеника, додека на опозицијата ѝ се придружија ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „Обнова за Македонија“, Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива и Левица.

Во крајот на 2021 година, Собранието не заседаваше од 23 септември 2021 година до завршувањето на локалните избори. Оваа одлука претседателот на Собранието ја образложи како превентивна, со цел да се избегне можноста политичката кампања да се пресели во собраниските седници.[4] Така, во овие услови, сè до одржувањето на вториот изборен круг на локалните избори на 31 октомври 2021 година, не беше одржана ниту една собраниска седница.

---

1 „Заев: Одиме на брзи предвремени избори“, Дојче веле, 19 октомври 2019. Пристапено на: <https://p.dw.com/ p/3RYux>(последна посета: 10 март 2020)

2 Решение за распишување предвремени избори за пратеници во Собрание на Република Северна Македонија. Решението е преземено од страницата на Државната изборна комисија (ДИК). Пристапено на: <https://www.sec. mk/parlamentarni-izbori-2020/?_thumbnail_id=6946> (последна посета: 9 март 2020)

3 Панковски, М. и други (2020). Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година: Второ дополнето издание. Фондација Конрад Аденауер, Институт за демократија „Социетас Цивилис“– Скопје

4 Радио слободна Европа (2021) Џафери ги распиша локалните избори, за време на кампањата Собранието нема да работи. Пристапено на: <https://www.slobodnaevropa.mk/a/31397318.html> (последна посета 30.3.2022)

Мнозинството во Собранието ќе се смени во ноември 2021 година, после локалните избори. По најавената оставка на Зоран Заев од позицијата лидер на СДСМ и Премиер, Движењето Беса ѝ се придружи на опозицијата во обид за изгласување недоверба на Владата предводена од СДСМ. Иницијативата за гласање недоверба беше неуспешна, поради промена на став на пратеник од редовите на Движење Беса. По неколку неделни преговори, СДСМ ќе успее да формира коалиција со опозициската Алтернатива, со што од декември 2021 година, Собранието почна со регуларна работа со ново мнозинство формирано од СДСМ и коалиција, ДУИ, ДПА и Алтернатива, броејќи вкупно 64 пратеници. На 29 декември 2021 година Претседателот Пендаровски му го додели мандатот за состав на новата Влада на Димитар Ковачевски, кој по оставката на Заев беше избран на функцијата претседател на владејачката СДСМ. На 16 јануари 2022 година, со 62 гласа „за", 46 „против" и без воздржани, Собранието ја изгласа новата Влада, а за претседател на Владата беше избран Димитар Ковачевски.[5]

За време на францускиот претседателство на Европскиот совет, на 30 јуни 2022 година се донесе преговарачката рамка за пристапни преговори кон ЕУ за Северна Македонија согласно новата методологија за проширување. За време на првата Меѓувладина конференција беше предложен „општ став на ЕУ". Оваа преговарачка рамка, позната како „францускиот предлог" беше објавена од страна на владата на 1 јуни,[6] додека Собранието расправаше по однос на предлогот на 81 седница помеѓу 14 и 16 јули 2022.[7] На 16 јули Собранието ги усвои заклучоците за „францускиот предлог" со 68 гласови ЗА, без присуство на опозицијата, односно ВМРО-ДПМНЕ и Левица.[8]

Во текот на февруари и март 2023 Собранието расправаше за изборот на нови министри и заменици министри, односно за реконструкција на владата. Оваа реконструкција дојде откако во владејачкото мнозинство влезе и Алијанса за Албанците што беше причина дотогашниот партнер, партијата Алтернатива, да замине во опозиција.[9] 104 седница на Собранието се одржа во 12 продолженија каде се расправаше за разрешување на министри и заменици министри и избор на нови. Дел од ресорите ги презема новиот владин партнер Алијанса за Албанците.

Една од главните критики од Европската Унија за овој мандат на Собранието е донесувањето на голем број на закони со скратена постапка и европско знаменце.[10] Донесувањето закони по

5 Зеќирович, Е. (2022) Димитар Ковачевски ја презеде премиерската функција од Зоран Заев. Пристапено од: <https://www.aa.com.tr/mk/ политика/димитар-ковачевски-ја-презеде-премиерската-функција-од-зоран-заев/2475876>

6 Влада на Република Северна Македонија (2022) Владата на Република Северна Македонија го објави предлогот на францускoто претседателство. Пристапено од: https://vlada.mk/node/29432

7 Собрание на Република Северна Македонија (2022) 81 седница на Собранието. Пристапено од: https://www.sobranie.mk/detali-na-sednica.nspx?sittingId=cbcb67ad-f889-4c4f-9aa4-a611a9f9d157

8 Дојче Веле (2022) Собранието ги изгласа заклучоците за францускиот предлог. Пристапено од: https://www.dw.com/mk/собранието-ги-изгласа-заклучоците-за-францускиот-предлог/a-62498288

9 Огнен Чанчаревиќ (2023) Собранието ги изгласа новите министри во Владата. Пристапено од: <https://mk.voanews.com/a/6981395.html>

10 Европска комисија: Извештај за Северна Македонија за 2022 година https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en , А1он (2023) Делегација на ЕК: Означувањето на закони со европско знаме да се ограничи и да се употребува само кога е оправдано

скратена постапка создава правна несигурност, непромислени закони и нефункционални и скапи процеси кои тие се обидуваат да ги регулираат, додека граѓаните остануваат неинформирани за последиците од одредени закони, кои не се разгледуваат длабински во Собранието. Употребата на европското знаменце со цел заобиколување на законодавниот процес и парламентарната дебата беше нотирано како неоправдано од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија.[11]

Генерално, ефективноста во работата на овој парламентарен состав е значително намалена, како поради условите во кои функционира поради Ковид-19 пандемијата, активните блокади од страна на пратеници од различни политички партии, користењето на филибастеринг методи, така и поради политичката нестабилност во однос на евроинтегративниот процес и кревкото парламентарно мнозинство. Нестабилната состојба и блокирањето закони кои се важни за добросостојбата на граѓаните, негативно се одразуваат врз квалитетот на живот на граѓаните.

11 А1он (2023) Делегација на ЕК: Означувањето на закони со европско знаме да се ограничи и да се употребува само кога е оправдано. Пристапено од: <https://a1on.mk/macedonia/delegacija-na-ek-oznachuvanjeto-na-zakoni-so-evropsko-zname-da-se-ogranichi-i-da-se-upotrebuva-samo-koga-e-opravdano/>

# III. РЕЗИМЕ

Истражувањето реализирано во 2023 година, покажува дека перцепција на граѓаните за работата на Собранието е генерално во линија со јавното мислење изјавено во последните четири години. Ваквите ставови се речиси непроменети во однос на најголем дел од прашањата од областа на функциите на Собранието, неговата отвореност кон јавноста, работата на пратениците и собраниските реформи. На скалата од 1 - најлошо, до 5 - најдобро, во 2023 година граѓаните ја оценија работата на Собранието со средна оценка 2,2 која бележи пад на скалата, споредено со изминатите четири години.

## ▪ ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Доминантен дел од граѓаните сметаат дека Собранието има значајна улога во политичкиот живот на државата, но повеќе од половина од испитаниците не се запознаени со тоа што се работело во Собранието во изминатиот период. Како најкарактеристично од работата на овој парламентарен состав, најголем дел од анкетираните граѓани го издвоија *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата и Информација за содржината на Предлог преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија, предложена од страна на Претседателството на Франција со Советот на Европската Унија на 30 јуни 2022 година.* Телевизијата останува најпопуларен канал за информирање меѓу граѓаните кога станува збор за работата на Собранието, додека Собранискиот канал и веб-страницата на Собранието, како официјални алатки за информирање на Собранието, остануваат малку искористени.

## ▪ КОНТРОЛА И НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО ВРЗ ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Перцепцијата на мнозинството граѓани е дека Собранието не ја користи докрај својата уставна надлежност за контрола над Владата, односно 27% од испитаниците сметаат дека Владата има целосна контрола над Собранието. Дополнително, скоро половина (46%) од испитаниците сметаат дека Собранието ја зголемува корупцијата, наместо спротивниот ефект. Имајќи ги предвид пратеничките прашања како една од алатките на Собранието за надзор над извршната власт, граѓаните се поделени во однос на тоа дали тие се користат соодветно или служат за критика или реклама.

## ФУНКЦИИ НА СОБРАНИЕТО

Иако најголем дел од граѓаните имаат перцепција дека пратениците имаат влијание врз квалитетот на законите, сепак тие не се задоволни од нивниот квалитет и сметаат дека тие се менуваат често. Токму донесувањето на што поквалитетни закони, надгледувањето над трошењето на буџетот и грижата за имплементирањето на законите и политиките, се посочени како најважни функции на Собранието од страна на најголем дел од граѓаните. Сепак, нивното извршување од страна на Собранието е оценето како незадоволително од страна на мнозинството граѓани.

## ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Во поглед на отвореноста на Собранието кон јавноста, најголем дел од испитаниците сметаат дека Собранието е целосно или делумно затворено за јавноста, а пратениците не ги земаат предвид забелешките на јавноста при изработката на законите. Мнозинството граѓани, исто така, сметаат и дека пратениците од нивните изборни единици не се достапни за средби со граѓаните и не ги информираат доволно граѓаните за својата работа, а не се запознаени ни со пратеничките канцеларии. Граѓаните забележуваат и дека пратениците недоволно се осврнуваат на проблемите на општините и локалните заедници. За разлика од минатата година, граѓаните се помалку запознаени со тоа кои се пратениците од нивните изборни единици. Доминантен дел од граѓаните изјавија дека не се информирани како може да учествуваат во работата на Собранието, што резултира со фактот дека значително мал дел од испитаниците се обиделе да учествуваат во работата на Собранието.

## КОГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО

Испитаниците се релативно поделени околу впечатокот во која мерка пратениците ги претставуваат интересите на граѓаните во Собранието. Од друга страна, најголем дел од нив сметаат дека пратениците секогаш ги застапуваат интересите на нивните лични интереси, интересите на политичките партии, како и бизнис-интересите. Доминантен дел од анкетираните граѓани, исто така, сметаат и дека пратениците до некоја мерка се зависни од волјата на лидерите на политичките партии од кои доаѓаат.

## СОБРАНИСКА ДЕБАТА

Перцепцијата на мнозинството граѓани е дека повеќето од пратениците не се подготвени да носат одлуки во име на граѓаните. Дополнително, половина сметаат дека излагањата на пратениците се малку или воопшто не се аргументирани. Анкетираните граѓани, исто така, сметаат и дека на здруженијата на граѓаните треба да им се овозможи поголема вклученост во работата на Собранието. Кога станува збор за односот помеѓу пратениците, најголем дел од граѓаните го опишале како непријателски и натпреварувачки. Дополнително, граѓаните имаат впечаток дека пратениците на седниците често или секогаш користат говор со кој ги омаловажуваат и ги деградираат своите колеги од други политички партии. Во поглед на тоа колку секоја од парламентарните партии придонесува кон поквалитетна работа на Собранието, перцепцијата на граѓаните е негативна (целосно или делумно не придонесува) во однос на сите коалиции и партии.

## РЕФОРМИ

Во однос на реформските процеси на државата, граѓаните се генерално поделени во впечатокот за подготвеноста на Собранието да спроведе реформи со кои ќе се нормализира политичката состојба. Мнозинството граѓани не го поддржуваат бојкотот на работата на Собранието ниту развлекување и одолговлекување на дебата за да не се донесе некој закон или одлука како исправни начини за искажување политички ставови во работата на Собранието. Граѓаните се согласни со тоа дека политичките кризи треба да се решаваат во Собранието, наместо на затворени средби меѓу раководствата на политичките партии. Постои генерална конфузност кај испитаниците за придобивките од изборните реформи како воведувањето отворени листи или една изборна единица. Најголем дел од испитаниците сметаат дека промената на изборниот модел ќе доведе до намалување на зависноста на пратениците од партиските лидери. Испитаниците не идентификуваа доминантна маргинализирана група чии интереси пратениците најмногу ги застапуваат.

## ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Доминира бројот граѓани кои сметаат дека животот во државата се движи во погрешна насока во однос на оние што го сметаат спротивното. Најголеми оптимисти се жителите на Југозапад, каде над половина одговорија дека животот се движи во правилна насока. Најмногу негативни одговори, односно дека животот се движи во погрешна насока дале жителите на Вардарски Регион, Југоисточен Регион, Пелагониски, Полошки и Североисточен Регион. На скала од 1 - најниска, до 10 - највисока, граѓаните со највисока оценка на доверба го оценија Претседателот на државата – 3.6, следуваат Собранието со 3.4 и Владата со 3.3. Најниска оценка на доверба доби судството со 2.7.

# IV.

# ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

# IV. ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Перцепцијата на граѓаните во однос на тоа каква е улогата на Собранието во политичкиот живот во државата е непроменета во последните две години. Резултатите од 2023 година, покажуваат дека повеќе од половина од анкетираните граѓани (60%) сметаат дека Собранието игра значајна улога додека 31% од граѓаните сметаат дека улогата на Собранието е незначителна. Само 9% од испитаниците не знаат дали Собранието е значајно, што укажува на непознавање или незаинтересираност за работата на Собранието (Графикон 1). Ова претставува намалување во перцепцијата за улогата на Собранието за разлика од 2022 кога 71% сметале дека Собранието игра значителна улога.




Графикон 1. Каква е улогата на Собранието во политичкиот живот во Северна Македонија? (%)

Во поглед на работата на тековниот состав на Собранието што беше избран на изборите во јули 2020 година, за сработеното 41% од граѓаните одговорија дека се делумно или целосно запознаени со тоа што го сработија пратениците во периодот јануари – декември 2022 година, додека 60% одговорија дека малку или воопшто не се запознаени со работата на пратениците. Споредено со резултатите од минатата година, кога 42% од граѓаните одговориле дека се запознаени со тоа што го сработиле пратениците во 2022 година, и 58% не биле запознаени, може да се забележи пад на интересот на граѓаните во однос на тоа што се работело во Собранието (Графикон 2).




Графикон 2. Во која мерка сметате дека сте запознаени со тоа што сработи Собранието? (%)

Прашани што би издвоиле како најкарактеристично од работата на пратениците во 2022 година, граѓаните како најзапаметливо го издвоија Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата (39%), следно според нивните одговори е Информација за содржината на Предлог преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија, предложена од страна на Претседателството на Франција со Советот на Европската Унија на 30 јуни 2022 година (35%), Предлог Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година (33%). Усогласување со истанбулската конвенција во Кривичниот законик беше спомнат од страна на само 4% од испитаниците. (Графикон 3).

СОБРАНИЕТО Е НАЈМНОГУ ЗАПАМЕТЕНО ПО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА И „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“




Графикон 3. По што ќе ја памтите 2022 година во Собранието? (%)

Ги прашавме испитаниците колку се задоволни со работата на Собранието во измината 2022 година. На скала од 1 до 5, каде што 1 значи дека воопшто не се задоволни, додека 5 дека се многу задоволни, задоволството со работата на Собранието за изминатата година граѓаните го оценија со средна оценка од 2.1. Најголем дел од нив (38%) го оценија задоволството со работата на Собранието со оценка 1, додека половина од испитаниците (51%) се изјаснија со оценка 2 (26%) или 3 (23%). Само 11% од испитаниците се изјаснија дека се задоволни - 4 (9%) или многу задоволни - 5 (2%) со работата на Собранието во изминатата 2022 година (Графикон 4).

КОЛКУ СТЕ ЗАДОВОЛНИ СО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД (ЈАНУАРИ ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА) НА СКАЛА ОД 1 ДО 5 (КАДЕ 1 Е НАЈСЛАБО, А 5 Е НАЈСЛАБО)




Графикон 4. На скала од 1 до 5 (каде што 1 значи дека воопшто не сте задоволни, а 5 дека сте многу задоволни), колку сте задоволни со работата на Собранието во измината година?

За работата на Собранието повеќе од половина од испитаните граѓани најчесто се информираат преку телевизија (63%), додека 29% од граѓаните се информираат од интернет-портали и социјални мрежи. Само 5% од анкетираните одговорија дека информациите ги добиваат од Собранискиот канал, додека само 2% од испитаните граѓани ги добиваат информациите за Собрание преку интернет-страницата на Собранието. 26% од испитаниците одговорија дека информациите за работата на Собранието ги добиваат преку интернет-портали за вести, додека 12% од испитаниците одговорија дека не сакаат да добиваат информации за Собранието или не ги интересира (Графикон 5).

ТЕЛЕВИЗИЈА, СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ И ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИ КАКО НАЈКОРИСТЕНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИЈА




Графикон 5. Доколку сакате да добиете информации за работата на Собранието, кој извор на информации најмногу го користите? (%)

Ако се прави анализа според возраста на испитаниците, телевизијата е главен извор на информации за Собранието за сите возрасни групи, освен за најмладите испитаници. Телевизијата е главен извор за граѓаните над 30-годишна возраст, додека за испитаници од 18 до 29 години како доминантен извор за информации се појавуваат и интернетот и социјалните мрежи. Официјалните извори за информирање на Собранието, Собранискиот канал и веб-страницата на Собранието, остануваат малку искористени од граѓаните. Така, собранискиот канал е најпопуларен помеѓу највозрасната група граѓани (65+ години), од кои 9% се изјасниле дека го користат како главен извор за информирање. Веб-страницата на Собранието од друга страна, останува незначително користена меѓу сите возрасни групи (Графикон 5.1).

ТЕЛЕВИЗИЈАТА ГЛАВЕН ИЗВОР ЗА ИНФОРМИРАЊЕ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО ЗА СИТЕ ВОЗРАСНИ ГРУПИ




Графикон 5.1. Извори за информирање за работата на Собранието според возрасни групи (%)

Прашани за тоа каков вид содржини сметаат дека треба да бидат позастапени на Собранискиот канал, според 15% од граѓаните позастапени треба да бидат експертски толкувања на усвоени закони и законски измени, 14% од граѓаните сметаат дека потребни се политички дебати за теми од собраниската работа, 11% изјавиле дека би сакале да видат повеќе едукативни содржини за законодавниот процес и работата на Собранието, додека 12% одговориле дека имаат потреба од промотивни содржини за можностите кои им стојат на граѓаните за вклучување во работата на Собранието и средби со пратениците. Според испитаниците, следно што е потребно се: презентација на активностите на пратеничките групи (11%), теренски посети на собраниските комисии (12%), контактни емисии (11%) додека 7% од испитаниците сакаат повеќе содржина во однос на дипломатски активности и настани на пратениците (Графикон 6).

ЕКСПЕРТСКИ ТОЛКУВАЊА, ПОЛИТИЧКИ ДЕБАТИ И ЕДУКАТИВНИ СОДРЖИНИ СЕ НАЈПОСКУВАНА СОДРЖИНА НА СОБРАНИСКИОТ КАНАЛ




Графикон 6. Какви содржини сметате дека треба да бидат позастапени на Собранискиот канал? (%)

Според тоа каков вид содржини граѓаните сметаат дека треба да бидат достапни на интернет-страницата на Собранието, 13% од испитаниците одговориле дека би сакале да имаат можност за комуникација со пратениците и исто толку испитаниците одговориле дека би сакале да имаат можност да поставуваат прашања до пратениците (13%). Следно достапно според одговорите на граѓаните би требало да бидат снимки од јавните расправи (12%) и говорите на пратениците (8%). По 6% од испитаниците рекле дека сакаат да видат повеќе едукативни содржини за улогата и надлежностите на Собранието, гласањата на пратеници по одредени точки и повеќе информации за активностите и колку е активен вашиот/вашата пратеник/пратеничка. Граѓаните, исто така, сакаат на веб-страницата да имаат можност да го следат и донесувањето на законите во сите чекори (4%), преноси во живо од собраниските седници (6%) и да ги имаат достапни записниците од комисиите (5%) (Графикон 7).

ПОАКТИВНА КОМУНИКАЦИЈА СО ПРАТЕНИЦИТЕ Е НАЈПОСКУВАНАТА СОДРЖИНА НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 7. Каков вид содржини сметате дека треба да бидат достапни на веб-страницата на Собранието? (%)

За 68% од испитаниците, информациите што ги добиваат преку медиумите се целосно или делумно доволни за да бидат во тек со најважните законски прописи за кои се дискутира или гласа во Собранието, од кои 24% сметаат дека информациите им се целосно доволни, додека 44% делумно доволни. Од друга страна, 29% од прашаните граѓани, сметаат дека информациите што ги објавуваат медиумите се делумно или воопшто не се доволни за да можат да бидат во тек со законите што ги носат пратениците, од кои 17% сметаат дека делумно не се доволни, додека 12% сметаат дека воопшто не се доволни. Споредено со 2022 година, оваа перцепција на граѓаните останува релативно иста. (Графикон 8).

ИНФОРМАЦИИТЕ ОД МЕДИУМИТЕ СЕ ДОВОЛНИ ЗА ДА БИДАТ ВО ТЕК СО НАЈВАЖНИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ЗА КОИ СЕ ДИСКУТИРА ИЛИ ГЛАСА ВО СОБРАНИЕТО




Графикон 8. Колку информациите кои ги добивате преку медиумите за работењето на Собранието ви се доволни за да бидете во тек со најважните законски промени? (%)

# V.

# КОНТРОЛА И НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО ВРЗ ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

# V. КОНТРОЛА И НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО ВРЗ ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Перцепцијата на граѓаните е дека извршната власт има поголема контрола врз Собранието отколку што Собранието ја контролира Владата, според својата уставна надлежност. Испитаниците го градираат степенот на контрола која, според нив, ја има Собранието врз Владата, односно Владата врз Собранието. Имено, на скала од -3, што значи Владата има целосна контрола врз Собранието до 3, што значи дека Собранието има целосна контрола врз Владата, 27% од испитаниците изјавија дека Владата има целосна контрола врз Собранието, додека процентот на граѓани што мислат дека Собранието има целосна контрола врз Владата изнесува само 4%. Понатаму, 30% од граѓаните изјавија дека Владата го контролира Собранието, но сепак сметаат дека таа контрола не е целосна, односно Собранието има извесен степен на самостојност. Од друга страна, 12% од граѓаните сметаат дека Собранието ја контролира Владата, но дека таа контрола не е целосна, односно Владата има одреден степен на самостојност. 27% од испитаниците, немале конкретно мислење во однос на тоа колкава е контролата на Собранието над Владата, односно колкава е контролата на Владата врз Собранието (Графикон 9).

ГРАЃАНИТЕ СМЕТААТ ДЕКА ВЛАДАТА ИМА ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВРЗ СОБРАНИЕТО




Графикон 9. Колкав степен на контрола има Собранието над Владата, односно Владата над Собранието? (%)

Имајќи ја предвид законодавната и надзорната улога на Собранието и неговото влијание врз општествени процеси, ги прашавме граѓаните за тоа каква улога мислат дека Собранието има во борбата против корупцијата. Според 37% од испитаниците, Собранието ниту ја намалува, ниту ја зголемува корупцијата во државата, додека за скоро половина (46%) Собранието придонесува во зголемување на нивото на корупција, што означува влошување на перцепцијата во споредба од 2022 година, кога нешто повеќе од една третина од граѓаните сметаа исто. За разлика од мината година, кога 12% од испитаниците сметаа дека Собранието ја намалува корупцијата, во 2023 година само 7% од испитаниците Собранието со својата работа придонесува во намалување на корупција-та (Графикон 10).

СОБРАНИЕТО НИТУ ЈА НАМАЛУВА, НИТУ ЈА ЗГОЛЕМУВА КОРУПЦИЈАТА




Графикон 10. Каква улога мислите дека Собранието има во борбата против корупцијата? (%)

Во однос на пратеничките прашања што претставуваат еден од инструментите за контрола на Собранието врз работата на министерствата и генерално на Владата, повеќе од половина од испитаниците (58%) делумно или целосно се согласуваат дека пратеничките прашања се користат и за „рекламирање на Владата“. Повеќе од половина од граѓаните (52%) исто така делумно или целосно се согласуваат дека тие се користат за „критика на Владата“. Пратеничките прашања „овозможуваат надзор врз работата на министрите“ според 46% од испитаниците, и додека 47% од испитаниците делумно или целосно се согласуваат дека прашањата се корисни за „полагање отчет пред пратениците од страна на Владата“ и дека „се корисни за информирање на граѓаните за работата на Владата и другите институции“. 47% сметаат дека тие „имаат влијание врз обезбедување одговорност од страна на институциите“. Генерално, мислењата на граѓаните се поделени во однос на тоа дали тие сметаат дека пратеничките прашања се користат соодветно, или се користат за критика или реклама (Графикон 11).

## ПРАТЕНИЧКИТЕ ПРАШАЊА КАКО АЛАТКА ЗА КРИТИКА ИЛИ РЕКЛАМА




Графикон 11. Пратеничките прашања (%)

# VI.

## ФУНКЦИИ НА СОБРАНИЕТО

# VI. ФУНКЦИИ НА СОБРАНИЕТО

Повеќе од половина (58%) од граѓаните сметаат дека пратениците умерено или многу влијаат врз квалитетот на законите. Од друга страна, процентот на испитаници што сметаат дека пратениците умерено или воопшто не влијаат врз квалитетот на законите е 38%, додека 3% од граѓаните изјавија дека немаат мислење во однос на ова прашање (Графикон 12).

ГРАЃАНИТЕ СМЕТААТ ДЕКА ПРАТЕНИЦИТЕ ИМААТ ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ЗАКОНИТЕ




Графикон 12. Во колкава мерка пратениците влијаат на квалитетот на законите во нашата земја? (%)

Сепак, и покрај тоа што мнозинството граѓани сметаат дека пратениците влијаат врз квалитетот на законите, 65% од испитаниците се целосно или делумно незадоволни од нивниот квалитет, што означува влошување за 9% во споредба со 2022 година, кога 56% од испитаниците сметаа исто. Од друга страна, само една третина од испитаниците сметаат дека квалитетот на законите е добар или умерено добар (33%). Оваа состојба, споредено со минатиот период, означува мало но важно влошување во перцепцијата (Графикон 13).

МНОЗИНСТВОТО ГРАЃАНИ СЕ ДЕЛУМНО ИЛИ ЦЕЛОСНО НЕЗАДОВОЛНИ ОД КВАЛИТЕТОТ НА ЗАКОНИТЕ




Графикон 13. Колку сте задоволни од квалитетот на законите кои се носат во Собранието? (%)

Повеќе од половина од испитаниците (54%), сметаат дека законите во Северна Македонија се менуваат често или премногу често, притоа за 24% законите се менуваат премногу често, а за 30% често. Според 29% од испитаниците законите се менуваат доволно често. Само 9% од испитаниците сметаат дека законите се менуваат ретко, од кои за 7% тие се менуваат ретко, а за 2% премногу ретко. Имајќи ги предвид резултатите од минатите години, може да се заклучи дека генерално граѓаните сметаат дека законите се менуваат премногу често (Графикон 14).

ЗАКОНИТЕ СЕ МЕНУВААТ ЧЕСТО ИЛИ ПРЕМНОГУ ЧЕСТО




Графикон 14. Колку често се менуваат законите? (%)

На скала од 1 до 10 (каде што 1 значи воопшто не е важна, а 10 значи многу е важна), испитаниците ја оценуваа важноста на поединечните функции на Собранието. Испитаниците исто така беа прашани, на скала од 1 до 10 да определат во која мерка сметаат дека пратениците ги исполнуваат тие функции. Притоа, како најважна функција на Собранието на прво место е оценета функцијата да надгледува како се троши буџетот на државата со средна оценка од 8,7. На второ место со средна оценка 8,6, граѓаните ги оценија функциите за Собранието да донесува што поквалитетни закони, да се грижи како се спроведуваат законите и политиките и да ги контролира Владата и министерствата. Меѓутоа, граѓаните сметаат дека пратениците само делумно ги исполнуваат овие функции, односно надгледувањето на буџетот е оценето со 4.4, носењето поквалитетни закони, грижа за тоа како се спроведуваат законите и контролата врза Владата и министерствата е оценето со средна оценка 4,3.

Средни оценки 8,3 односно 8,2, граѓаните дадоа за функциите да организира јавни расправи и да овозможи јавноста да учествува во подготовката на законите и политиките, соодветно. Во однос на тоа како граѓаните го оценуваат исполнувањето на овие функции, средна оценка од 4,1 е дадена за организирањето јавни расправи, додека со 3,9 граѓаните го оцениле исполнувањето на функцијата остварување средба со граѓаните и овозможување на јавноста да учествува во подготовката на законите и политиките.

Граѓаните како најмалку важна функција на Собранието го оценија носењето на што е можно повеќе закони и законски измени со средна оценка 7,9. Испитаниците сметаат дека иако според нив тоа е најмалку важно, споредено со другите наведени функции на Собранието, пратениците токму тоа најмногу го извршувале - што е оценето со 5,1, односно највисока средна оценка во однос на тоа во која мерка Собранието ги исполнува основните функции (Графикон 15).

СРЕДНА ОЦЕНКА НА СКАЛА ОД 1-10 ЗА ВАЖНОСТА НА ФУНКЦИИТЕ НА СОБРАНИЕТО И ВО КОЈА МЕРКА ПРАТЕНИЦИТЕ ГИ ИЗВРШУВААТ




Графикон 15. Средна оценка на скала од 1-10 за важност на функциите на Собранието и во која мера пратениците ги извршуваат

# VII.

# ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

# VII. ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Во поглед на отвореноста на Собранието кон јавноста, две третини од испитаниците (65%) сметаат дека Собранието е целосно или делумно затворено за јавноста што претставува зголемување за 6 процентни споредено со 2022 година (59%), односно за 10 процентни поени споредено со 2021 година (55%). Собранието е целосно или делумно отворено за учество на јавноста според 26% од испитаниците, додека 9% од нив немаат мислење за оваа прашање. Имајќи ги предвид резултатите од минатиот период, може да се забележи дека оваа година има мало влошување на перцепцијата на граѓаните за отвореноста на Собранието (графикон 16).

СОБРАНИЕТО ЦЕЛОСНО ИЛИ ДЕЛУМНО Е ЗАТВОРЕНО ЗА ЈАВНОСТА




Графикон 16. Во која мерка сметате дека Собранието е отворено за учество на јавноста во неговата работа? (%)

Речиси две третини од испитаниците (62%) сметаат дека пратениците се затворени за забелешките на јавноста и граѓанските организации при изработката на законите. Од нив, 32% сметаат дека ретко се вклучуваат забелешките, додека 30% сметаат дека тие целосно се игнорирани од страна на пратениците. Според 9% од испитаниците, пратениците често или секогаш ги вклучуваат предлозите на јавноста и организациите, додека 23% од испитаниците сметаат дека пратениците само понекогаш ги вклучуваат забелешките од јавноста и граѓанските организации при изработка на законите. Споредено со минатата година, процентот на граѓаните кои сметаат дека пратениците никогаш не ги вклучуваат забелешките од јавноста во 2023 година е зголемен за 4 процентни поени (2022 - 26%). (Графикон 17).

ПРАТЕНИЦИТЕ РЕТКО ИЛИ НИКОГАШ НЕ ГИ ЗЕМААТ ПРЕДВИД ЗАБЕЛЕШКИТЕ НА ЈАВНОСТА ПРИ ИЗРАБОТКАТА НА ЗАКОНИТЕ




Графикон 17. Колку често пратениците ги вклучуваат забелешките од јавноста и граѓанските организации при изработка на законите? (%)

На испитаниците им беа прочитани имињата на пратениците/пратеничките избрани од нивната изборна единица/општина/регион. Притоа, за речиси половина од граѓаните (46%) имињата на пратениците од нивната изборна единица/општина/регион беа непознати. На прашањето дали знаат кои се избраните претставници од нивната изборна единица/регион/општина во Собранието, повеќе од половина од анкетираните (52%) одговорија позитивно. Споредено со минатата година, кога 38% од испитаниците одговориле дека не ги знаат пратениците од нивата изборна единица, во 2023 година оваа бројка бележи зголемување за 8 процентни поени. Оваа промена делумно се должи на честите промени на пратеничките мандати за градоначалнички и извршни позиции (Графикон 18).

ГРАЃАНИТЕ СЕ ЗАПОЗНАЕНИ СО СВОИТЕ ПРАТЕНИЦИ




Графикон 18. Дали знаете кој е пратеник/пратеничка од вашата изборна единица? (%)

Повеќе од половина од испитаниците сметаат дека пратениците од нивните изборни единици не се достапни за средби (53%). Дека пратениците се достапни за средби сметаат 20% од испитаниците. Споредено со минатиот период, оваа година перцепцијата за достапноста на пратениците бележи пад, така во споредба со 2022 година, кога 25% од испитаниците сметале дека пратеникот/пратеничката од нивниот регион е достапна за средба, во 2023 година овој процент е понизок за 5 процентни поени. Малку повеќе од една четвртина (27%) од испитаниците не се информирани за достапноста на нивните претставници (Графикон 19).

ЗА ГРАЃАНИТЕ, ПРАТЕНИЦИТЕ СЕ НЕДОСТАПНИ ЗА СРЕДБИ




Графикон 19. Пратеникот/чката од вашиот регион (општина, изборна единица) е достапен/а за средби со граѓаните? (%)

Само 20% од испитаниците изјавија дека се запознаени со пратеничките канцеларии во нивниот регион/општина, додека само 7% изјавија дека ги посетиле истите. Од друга страна, над две трети-ни од граѓаните (76%) не се запознаени со пратеничките канцеларии, а високи 91% никогаш не ги посетиле истите (Графикон 20).

ПРАТЕНИЧКИТЕ КАНЦЕЛАРИИ НЕПОЗНАТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ




Графикон 20. Дали сте запознаени со пратеничките канцеларии во вашиот регион/општина и дали сте ги посетиле пратеничките канцеларии до сега? (%)

Според 26% од испитаните граѓани, пратениците од нивниот регион воопшто не ги информираат за својата работа. По исто толку испитаници (20% ) сметаат дека пратениците тоа го прават преку медиуми и преку социјални мрежи. Според 7% од испитаниците, пратениците од нивниот регион ги информираат преку средби во пратеничките канцеларии, 9% сметаат дека тоа го прават преку средби со граѓаните на јавни локации и преку јавни настапи. Генерално, перцепцијата на граѓаните останува релативно непроменета во однос на минатата година. Граѓаните најчесто добиваат информации за работата на нивните пратеници со помошта на трети чинители/алатки, како медиумите и социјалните мрежи, многу ретко преку директен контакт (Графикон 21).

## МЕДИУМИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ КАКО ГЛАВЕН ИЗВОР ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ




Графикон 21. Пратениците од вашиот регион ги информираат граѓаните за својата работа преку? (%)

Прашани за тоа на кој начин сметаат дека пратениците треба да ги информираат за нивната работа, најголем процент од испитаниците (23%) сметаат дека тоа треба да биде преку средби со граѓани на јавни локации. 21% сметат дека треба да бидат информирани преку јавни настапи, 19% преку медиуми, додека 16% преку средби во пратенички канцеларии. Исто, 16% сметаат дека социјалните мрежи се соодветен канал за информирање на граѓаните. Перцепцијата на испитаниците во однос на најголем дел од каналите што тие сметаат дека се соодветно средство за информирање на граѓаните за работата на пратениците е релативно константна во последните 3 години, со тоа што генерално граѓаните претпочитуваат директен контакт со пратениците како форма на комуникација (Графикон 22).

СРЕДБИ НА ЈАВНИ ЛОКАЦИИ И ПРАТЕНИЧКИ КАНЦЕЛАРИИ ПРЕТПОЧИТЕНА ФОРМА ЗА КОНТАКТ СО ПРАТЕНИЦИТЕ




Графикон 22. На кој начин сметате дека вашите пратениците треба да ги информираат граѓаните за својата работа? (%)

Генералната перцепција на граѓаните е дека пратениците недоволно се осврнуваат на проблемите на општините и локалните заедници. Над половина од испитаниците (55%) одговорија дека не се случило пратеник од нивниот регион да покрене иницијатива во Собранието за локален проблем, додека само 17% испитаници изјавија дека нивниот пратеник го сторил тоа. Процентот на испитаници што сметаат дека пратениците не се осврнуваат на локални проблеми во 2023 година е зголемен за 7 процентни поени во споредба со 2022 година - 48% (Графикон 23).

ПРАТЕНИЦИТЕ НЕДОВОЛНО СЕ ОСВРНУВААТ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ




Графикон 23. Дали се случило пратеникот од вашиот регион да покрене иницијатива во Собранието за проблем со кој се соочува вашата општина? (%)

Доминантен дел од испитаниците - 86% одговорија дека не се информирани како може да учествуваат во работата на Собранието, додека 14% одговорија дека се информирани. Имајќи ги предвид резултатите од минатите четири години, може да се заклучи дека значителен број граѓани не се информирани во однос на можностите за учество во работата на Собранието (Графикон 24 ).

ГРАЃАНИТЕ НЕ СЕ ИНФОРМИРАНИ ЗА ТОА КАКО МОЖАТ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 24. Дали сте информирани како можете да учествувате во работата на Собранието? (%)

Дури 94% од испитаните граѓани досега не се обиделе да учествуваат во работата на Собранието, што меѓу другото се должи и на релативно ниското ниво на информираност (14%) за тоа кои се механизмите за учество. Само 5% од испитаниците се обиделе да учествуваат во работата на Собранието. Оваа состојба е речиси непроменета во последните 4 години (Графикон 25).

ГРАЃАНИТЕ НЕ СЕ ОБИДУВААТ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 25. Дали досега сте се обиделе да учествувате во работата на Собранието? (%)

На испитаниците им беа прочитани неколку механизми за тоа како можат да учествуваат во работата на Собранието. Од понудените опции, најголем процент од испитаниците (20%) беа информирани дека можат да побараат средба со пратеник или да поставаат прашање до пратениците. Сепак, на поголем број од испитаниците (26%), не им беа познати ниту еден од прочитаните и достапните механизми за учество во работата на Собранието (Графикон 26).

ПРАШАЊА ДО ПРАТЕНИЦИТЕ И СРЕДБА СО НИВ КАКО НАЈПОЗНАТИ АЛАТКИ ЗА УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 26. На каков начин сметате дека можете да учествувате во работата на Собранието? (%)

Речиси половина од граѓаните (48%) целосно или делумно се согласуваат со изјавата дека (онлајн) интернет-петициите се добар начин/алатка за вклучување на граѓаните во работата на Собранието. Со оваа изјава делумно не се согласуваат 19% од граѓаните, додека 15% целосно не се согласуваат. 17% не знаеја или не сакаа да одговорат на ова прашање.

Доколку се анализира ставот на испитаниците во последните четири години може да се забележи дека граѓаните генерално поддржуваат (онлајн) интернет-петиции и сметаат дека се добар начин/алатка за вклучување на граѓаните во работата на Собранието (Графикон 27).

ИНТЕРНЕТ-ПЕТИЦИИТЕ ГЛЕДАНИ КАКО ДОБРА АЛАТКА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 27. (онлајн) Интернет петициите се добар начин/алатка за вклучување на граѓаните во работата на Собранието (%)

# VIII.

# КОГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО

# VIII. КОГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО

Граѓаните се релативно поделени околу впечатокот во која мерка пратениците ги претставуваат нивните интереси во Собранието. 40% од испитаниците сметаат дека избраните пратеници делумно ги претставуваат интересите на граѓаните, додека 53% сметаат дека пратениците воопшто не ги претставуваат интересите на граѓаните. Само 4% од испитаниците изјавиле дека интересите на граѓаните се целосно претставени од страна на пратениците.

Споредено со анализите од 2022 година, може да се заклучи дека има влошување на перцепцијата на граѓаните во однос на тоа дали пратениците ги претставуваат нивните интереси. Имајќи ги предвид последните четири години перцепцијата на граѓаните во 2023 година е најнегативна, иако во 2022 и 2021 година забележано е благо подобрување. Имено, во 2020 година 45% од граѓаните сметале дека пратениците воопшто не ги претставуваат интересите на граѓаните, што е за 8 процентни поени помалку во споредба со 2023 година. Генерално мислењето на граѓаните во последните четири години за тоа колку избраните пратеници ги претставуваат нивните интереси во Собранието е поделено (Графикон 28).

ГРАЃАНИТЕ СМЕТААТ ДЕКА ПРАТЕНИЦИТЕ НАЈЧЕСТО НЕ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ НИВНИТЕ ИНТЕРЕСИ




Графикон 28. Колку сметате дека избраните пратеници ги претставуваат интересите на граѓаните? (%)

Високи 80% од испитаните граѓани сметаат дека пратениците во Собранието секогаш ги застапуваат своите лични интереси, додека, пак, дека тоа никогаш не е случај сметаат само 3% од испитаниците. Дополнително, 75% сметаат дека секогаш ги застапуваат интересите на нивните политички партии, додека, пак, дека тоа го прават само понекогаш сметаат само 18% од испитаниците. Дека пратениците секогаш застапуваат нечии бизнис-интереси сметаат 64% од испитаниците, додека 24% од нив сметаат дека тоа го прават само понекогаш.

Од друга страна 51% од испитаниците сметаат дека пратениците никогаш не ги застапуваат нивните интереси, додека 42% од нив сметат дека тоа го прават само понекогаш. Слична е сликата и кога ги прашавме за тоа колку често пратениците ги претставуваат интересите на граѓаните од нивните изборни единици. Дека секогаш ги застапуваат интересите на етничката задница каде што припаѓаат сметаат 25% од испитаниците, а дека тоа е случај мо понекогаш сметаат 48% од испитаниците (Графикон 29).

## ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО ГИ ЗАСТАПУВААТ СОПСТВЕНИТЕ ИНТЕРЕСИ И НА СВОИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ




Графикон 29. Колку често пратениците ги застапуваат следните интереси? (%)

Перцепцијата на доминантен дел од анкетираните граѓани (79%) е дека пратениците се целосно или делумно зависни од волјата на лидерите на политичките партии од кои доаѓаат. Над половина од анкетираните граѓани (52%) целосно се согласуваат со оваа изјава, додека 27% делумно се согласуваат. Само 10% од испитаниците делумно не се согласуваат, додека 5% целосно не се согласуваат со оваа изјава. Иако последните четири години се забележуваат мали флуктуации во перцепцијата на граѓаните за оваа изјава, генерално доминира мислењето дека пратениците се зависни од волјата на лидерите на нивните политички партии (Графикон 30).

ПРАТЕНИЦИТЕ СЕ ЗАВИСНИ ОД ВОЛЈАТА НА ЛИДЕРИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ




Графикон 30. Пратениците се целосно зависни од волјата на лидерите на политичките партии (%)

# IX.

## СОБРАНИСКА ДЕБАТА

# IX. СОБРАНИСКА ДЕБАТА

Високи 70% од испитаниците сметаат дека повеќето од пратениците не се подготвени да носат одлуки во име на граѓаните. Соодветно на тоа, само една четвртина од испитаниците (25%), сметаат дека повеќето од пратениците имаат доволно знаење да одлучуваат во име на граѓаните. Во споредба со резултатите од минатата година, се забележува раст од 11 процентни поени во перцепцијата на граѓаните дека пратениците воопшто не се подготвени за носење одлуки во име на граѓаните. Перцепцијата за знаењата и подготвеноста на пратениците да носат одлуки во име на граѓаните флуктуираше минимално низ последните четири години (Графикон 31).

ПРАТЕНИЦИТЕ СЕ НЕПОДГОТВЕНИ ЗА ДА НОСАТ ОДЛУКИ ВО ИМЕ НА ГРАЃАНИТЕ




Графикон 31. Во колкава мерка сметате дека пратениците имаат доволно знаење и подготвеност за да носат одлуки во име на граѓаните? (%)

Повеќе од половина од испитаниците (51%) сметаат дека пратениците ретко (43%) или никогаш (8%) не користат аргументи во своите излагања. Од друга страна, над една третина од испитаниците (36%) сметаат дека пратениците често или секогаш се повикуваат на аргументи во нивните говори во Собранието. Споредено со минатите години, може да се заклучи дека перцепцијата на граѓаните во однос на ова прашање генерално иста, со мали флуктуации (Графикон 32).

ГРАЃАНИТЕ ПОДЕЛЕНИ ОКОЛУ ТОА КОЛКУ ЧЕСТО ПРАТЕНИЦИТЕ КОРИСТАТ АРГУМЕНТИ ВО СОБРАНИСКАТА ДЕБАТАТА




Графикон 32. Колку често се користат аргументи во дебатата помеѓу пратениците во Собранието? (%)

Перцепцијата на повеќе од две третини од анкетираните граѓани (71%) е дека во парламентарните дебати владејачкото мнозинство главно или воопшто не ги зема предвид аргументите на опозицијата при носењето на одлуките. За 18% од испитаниците мнозинството главно ги зема предвид, додека само 1% одговорија дека во дискусиите власта целосно ги зема предвид аргументите на опозицијата. Оваа перцепција на граѓаните останува генерално непроменета во последните четири години (Графикон 33).

ПРАТЕНИЦИТЕ ОД МНОЗИНСТВОТО НЕ ГИ ЗЕМААТ ПРЕДВИД АРГУМЕНТИТЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ОД ОПОЗИЦИЈАТА ПРИ НОСЕЊЕТО НА ОДЛУКИТЕ ВО СОБРАНИЕТО




Графикон 33. Пратениците од владејачкото мнозинство ги земаат предвид аргументите на пратениците од опозицијата при носењето на одлуките во Собранието (%)

Над две третини од испитаниците (70%) сметаат дека парламентарното мнозинство треба да има повеќе слух за ставовите на опозицијата, додека спротивното го мислат само 15% од нив. Последните четири години, оваа перцепција на граѓаните бележи мали флуктуации, со тоа што граѓаните очекуваат повеќе соработка меѓу пратениците во Собранието и поотворено мнозинство (Графикон 34).

МНОЗИНСТВОТО ВО СОБРАНИЕТО ТРЕБА ДА ИМА ПОВЕЌЕ СЛУХ ЗА СТАВОВИТЕ НА ОПОЗИЦИЈАТА




Графикон 34. Дали сметате дека мнозинството во парламентот треба да има повеќе слух за ставовите на опозицијата? (%)

Повеќе од две третини (69%) од анкетираните граѓани имаат впечаток дека пратениците на седниците често или секогаш користат говор со кој ги омаловажуваат и деградираат своите политички противници врз основа на нивната политичка, етничка, верска и родова припадност. Од вкупниот број испитаници, 51% сметаат дека пратениците тоа го прават често, додека за 18% од граѓаните пратениците секогаш употребуваат омаловажувачки и деградирачки речник против своите „противници“. Вкупно 22% од испитаните граѓани велат дека пратениците најчесто или никогаш не користат таков говор.

Перцепцијата на граѓаните по ова прашање е подобрена во споредба со 2021 година и се враќа на слични нивоа со 2020, но е благо влошена во споредба со 2022 година. Иако низ годините генерално перцепцијата е дека пратениците користат омаловажувачки и деградирачки речник во Собранието, оваа перцепција на граѓаните флуктуира во зависност од атмосферата во Собранието (Графикон 35).

ГРАЃАНИТЕ СМЕТААТ ДЕКА ПРАТЕНИЦИТЕ ЧЕСТО КОРИСТАТ ОМАЛОВАЖУВАЧКИ И ДЕГРАДИРАЧКИ ГОВОР ВО СОБРАНИЕТО




Графикон 35. Колку често пратениците користат говор во кој ги омаловажува и деградира своите соговорници во Собранието врз основа на нивната политичка, етничка, верска, родова припадност? (%)

За 42% од анкетираните во 2023 година односот помеѓу пратениците во Собранието како непријателски, додека за 40% односот меѓу пратениците е натпреварувачки. Само 7% сметаат дека односот меѓу пратениците е толерантен и дека пратениците соработуваат меѓу себе. Споредено со одговорите на граѓаните од минатите години, може да се забележи дека граѓаните оваа година сметаат дека меѓу пратениците има помалку толеранција, а повеќе натпревар (Графикон 36).

ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО Е ОЦЕНУВАН КАКО НЕПРИЈАТЕЛСКИ




Графикон 36. Како се однесуваат пратениците помеѓу себе во Собранието? (%)

Значително голем дел од испитаниците (79%) се согласуваат дека здруженијата на граѓаните треба повеќе да бидат вклучени во работата на Собранието. Од нив 49% целосно се согласуваат, а 30% делумно се согласуваат. Други 15% од анкетираните граѓани, изразија несогласување со оваа изјава, од кои 10% делумно не се согласуваат, додека само 5% од испитаниците целосно не се согласуваат со поголемо учество на граѓанските организации во работата на парламентот. Перцепцијата на мнозинството испитаници дека здруженијата на граѓани треба да бидат вклучени повеќе во работата на Собранието е генерално на исто ниво во последните четири години (Графикон 37).

ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ТРЕБА ПОВЕЌЕ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 37. Здруженијата на граѓани треба повеќе да учествуваат во работата на Собранието (%)

Во поглед на тоа колку секоја од парламентарните партии придонесува кон поквалитетна работа на Собранието, перцепцијата на граѓаните е генерално негативна (целосно или делумно не придонесуваат) во однос на сите коалиции и партии. Имено, над две третини од граѓаните сметаат дека целосно или делумно не придонесуваат кон поквалитетна работа на Собранието партиите Демократска партија за Албанците, Алтернатива и Беса. Дополнително, над половина од испитаниците исто мислење делат и за коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ (53%) и СДСМ (58%), како и партиите Алијанса за Албанците (66%), Демократска унија за интеграција (65%) и Левица (61%) (Графикон 38).

## КОАЛИЦИЈАТА ИЛИ ПАРТИЈАТА ПРИДОНЕСУВА КОН ПОКВАЛИТЕТНА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 38. Коалицијата или партијата придонесува кон поквалитетна работа на Собранието (%)

# X.

# РЕФОРМИ

# X. РЕФОРМИ

Граѓаните се поделени во впечатокот за подготвеноста на Собранието да спроведе реформи со кои ќе се нормализира политичката состојба во државата. Вкупно 39% од испитаниците се согласуваат дека Собранието е подготвено да спроведе реформи за да се нормализира политичката состојба. Од нив 16% целосно се согласуваат, додека 23% делумно се согласуваат. Повеќе од половина од испитаниците (51%) не гледаат таква подготвеност, од кои 27% целосно не се согласуваат, а 24% делумно не се согласуваат. 11% од испитаниците немаа одговор за оваа прашање. Перцепцијата по ова прашање флуктуира минимално низ последните четири години, иако во 2023 година може да се увиди дека граѓаните се малку поскептични, со тоа што за 3 процентни поени повеќе не се согласуваат дека Собранието е спремно да спроведе реформи во споредба со 2022 година (Графикон 39).

СОБРАНИЕТО Е ДЕЛУМНО ПОДГОТВЕНО ДА СПРОВЕДЕ РЕФОРМИ И ДА ЈА НОРМАЛИЗИРА ПОЛИТИЧКАТА СОСТОЈБА




Графикон 39. Собранието е подготвено да спроведе реформи и да ја нормализира политичката состојба (%)

Во поглед на итноста на реформите, 62% од испитаниците сметаат дека за земјата во овој момент е поважно да се спроведат брзи реформи, наместо реформи кои ќе траат подолго време, но ќе им обезбедат пошироко учество на граѓаните и сите засегнати страни. Од оние кои изразија согласување со изјавата, 34% целосно се согласуваат, додека 28% делумно се согласуваат. Повеќе од една четвртина (29%) од граѓаните не се согласуваат со оваа изјава, од кои 15% од испитаниците делумно не се согласуваат, додека 13% целосно не се согласуваат.

Иако се забележани минимални флуктуации во однос на тоа колку граѓаните се убедени во оваа изјава, вкупниот број граѓани кои целосно или делумно сметаат дека за земјата е поважно да се спроведат брзи реформи во последните четири години е релативно непроменет, со исклучок на 2020 година (Графикон 40).

ВО ОВОЈ МОМЕНТ ЗА ЗЕМЈАТА Е ПОВАЖНО ДА СЕ СПРОВЕДАТ БРЗИ РЕФОРМИ НАМЕСТО ПОДОЛГОТРАЈНИ ДИСКУСИИ ЗА РЕФОРМИТЕ СО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ




Графикон 40. Во овој момент за земјата е поважно да се спроведат брзи реформи наместо подолготрајни дискусии за реформите со учество на граѓаните (%)

На прашањето за тоа кои според нив се двете најприоритетни области во кои Собранието треба да ги насочи своите напори за реформи, 27% од граѓаните одговорија дека реформски напори се приоритетни за законодавната функција. Потоа следат реформите во надзорната функција врз работата на Владата (22%), а по нив надзорната функција врз регулаторните тела (14%), врз претставничката функција (12%) и надзорот над безбедносните/разузнавачките структури. Перцепцијата на граѓаните околу ова прашање во 2022 година е слична со перцепцијата во минатите години година (Графикон 41).

## РЕФОРМИТЕ ВО ЗАКОНОДАВНАТА И НАДЗОРНАТА ФУНКЦИЈА НА СОБРАНИЕТО - ПРИОРИТЕТНИ




Графикон 41. Кои реформи сметате дека треба да бидат приоритетни за Собранието? (%)

Според мнозинството на граѓаните (63%), бојкотот не е исправен начин за искажување политичките ставови во работата на Собранието. Само нешто повеќе од една четвртина (29%) од испитаниците сметаат дека бојкотот е исправен начин на искажување политички ставови во Собранието. Перцепцијата на граѓаните во однос на ова прашање е речиси константна во последните четири години (Графикон 42).

БОЈКОТОТ Е НЕИСПРАВЕН НАЧИН ЗА ИСКАЖУВАЊЕ ПОЛИТИЧКИ СТАВОВИ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 42. Дали сметате дека бојкотот е исправен начин за искажување политички ставови во работата на Собранието? (%)

Речиси две третини (63%) од граѓаните не сметаат дека развлекување и одолговлекување дебата за да не се донесе некој закон или одлука е исправен начин за искажување политички ставови во работата на Собранието. Ваквата пракса е прифатлива само за една четвртина (24%) од граѓаните. Перцепцијата на граѓаните во однос на оваа практика на пратениците е непроменета во последните четири години (Графикон 43).

РАЗВЛЕКУВАЊЕТО И ОДОЛГОВЛЕКУВАЊЕТО НА ДЕБАТА ЗА ДА НЕ СЕ ОНЕСЕ НЕКОЈ ЗАКОН ИЛИ ОДЛУКА Е НЕИСПРАВЕН НАЧИН ЗА ИСКАЖУВАЊЕ ПОЛИТИЧКИ СТАВОВИ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО




Графикон 43. Дали сметате дека развлекување и одолговлекување дебата за да не се донесе некој закон или одлука е исправен начин за искажување политички ставови во работата на Собранието? (%)

Дури 75% од испитаниците се согласуваат со изјавата дека политичките кризи треба да се решаваат во Собранието, наместо на затворени средби меѓу раководствата на политичките партии. Од нив 44% целосно се согласуваат, додека 21% делумно се согласуваат со изјавата. Од друга страна, вкупно 17% од граѓаните изјавија дека не се согласуваат со изјавата дека Собранието е местото за решавање на политичките кризи од кои 11% делумно не се согласуваат, а 6% целосно не се согласуваат. Мислењето на граѓаните околу оваа изјава генерално флуктуира во зависност од тоа со каква криза државата се соочува таа година (Графикон 44).

ПОЛИТИЧКИТЕ КРИЗИ ТРЕБА ДА СЕ РЕШАВААТ ВО СОБРАНИЕТО, А НЕ ПРЕКУ ЛИДЕРСКИ СРЕДБИ




Графикон 44. Политичките кризи треба да се решаваат во Собранието, а не преку лидерски средби. (%)

За повеќе од половина (56%) од испитаниците воведувањето отворени листи, со што на парламентарните избори би гласале за личност, наместо за партиска листа, би придонело за поквалитетен пратенички состав во Собранието. Со оваа изјава целосно се согласуваат 20%, а делумно се согласуваат 36% од испитаниците. Вкупно 25% од граѓаните сметаат дека воведувањето отворени листи нема да има влијание врз квалитетот на пратеничкиот состав во Собранието. Од нив 17% делумно не се согласуваат, додека 8% воопшто не се согласуваат со оваа изјава. 19% се изјаснија дека не знаат дали воведувањето отворени листи е позитивна промена. Недостатокот на цврст став укажува на потребата за подобра информираност на граѓаните за последиците на евентуални изборни реформи (Графикон 45).

ВОВЕДУВАЊЕТО ОТВОРЕНИ ЛИСТИ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОКВАЛИТЕТЕН ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ ВО СОБРАНИЕТО




Графикон 45. Воведување отворени листи, со што на парламентарните избори би гласале за личност, наместо за партиска листа, ќе придонесе за поквалитетен пратенички состав во Собранието. (%)

За повеќе од половина (59%) од испитаниците воведување една изборна единица на парламентарните избори ќе придонесе до подобра претставеност на граѓаните во Собранието. Со оваа изјава целосно се согласуваат 22%, а делумно се согласуваат 37% од испитаниците. Спротивно, за околу една четвртина (22%) од граѓаните воведувањето една изборна единица нема да ја подобри нивната застапеност во Собранието. Од нив 14% делумно не се согласуваат, додека 8% целосно не се согласуваат со оваа изјава. 19% се изјаснија дека не знаат дали воведување на една изборна единица на парламентарните избори ќе ја подобри застапеноста на граѓаните во Собранието. Недостатокот на цврсти ставови укажува на потребата за подобро информирање на граѓаните од страна на предлагачите на овие промени околу тоа што воведувањето на една изборна единица би значело за нив како гласачи (Графикон 46).

ВОВЕДУВАЊЕТО ЕДНА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ДО ПОДОБРА ПРЕТСТАВЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО СОБРАНИЕТО




Графикон 46. Воведување една изборна единица на парламентарните избори ќе придонесе до подобра претставеност на граѓаните во Собранието (%)

Малку повеќе од половина од испитаниците (52%) се согласуваат дека промената на изборниот модел може да придонесе кон намалување на зависноста на пратениците од партиските лидери. Со оваа изјава целосно се согласуваат 15%, а делумно се согласуваат 37% од испитаниците. Од друга страна, 27% од испитаниците сметаат дека промената на изборниот модел нема да придонесе кон намалување на зависноста од партиските лидери. Од нив 16% делумно не се согласуваат со изјавата, додека 11% воопшто не се согласуваат. 29% не одговорија на ова прашање. Перцепцијата на граѓаните во однос на ова прашање бележи промени, со тоа што граѓаните се поконфузни околу тоа дали промена на изборниот модел би придонела кон поголема независност на пратениците од партиските лидери (Графикон 47).

ПРОМЕНАТА НА НАЧИНОТ НА КОЈ СЕ ИЗБИРААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НИВНАТА ЗАВИСНОСТ ОД ПАРТИСКИТЕ ЛИДЕРИ




Графикон 47. Промената на начинот на кој се избираат пратениците (изборниот модел) на парламентарните избори ќе придонесе за намалување на зависноста на пратениците од партиските лидери (%)

Повеќе од половина од испитаниците (53%) сметаат дека е важно во Собранието да се формираат повеќепартиски групи во кои пратеници од различни партии ќе се обединат околу исти прашања, додека 26% од испитаниците не се согласуваат со тоа. 20% немаа став или не сакаа да одговорат на оваа прашање. Имајќи ги предвид резултатите од минатите години во однос на ова прашање, во 2023 година се забележува раст во однос на позитивната перцепцијата на граѓаните за потребата од формирање на повеќепартиски групи (Графикон 48).

ВО СОБРАНИЕТО Е ВАЖНО ДА СЕ ФОРМИРААТ ПОВЕЌЕ ТЕМАТСКИ ПАРТИСКИ ГРУПИ, ВО КОИ ПРАТЕНИЦИ ОД РАЗЛИЧНИ ПАРТИИ ЌЕ СЕ ОБЕДИНАТ ОКОЛУ ИСТИ ПРАШАЊА




Графикон 48. Дали сметате дека е важно во Собранието да се формираат повеќепартиски групи (Пр. како Клубот на пратенички) во кои пратеници од различни партии ќе се обединат околу исти прашања? (%)

Генерално, мислењето на граѓаните во однос тоа за која група граѓани треба да се формираат повеќепартиски групи е поделено. Според 16% од испитаниците кои одговорија „да“ на претходното прашање повеќепартиски групи треба да се формираат за невработените лица, додека за 15% повеќепартиски групи треба да се формираат за лицата со посебни потреби. 14% дека такви групи треба да се формираат за младите, додека 12% сметаат дека такви групи треба да се формираат за потребите на самохрани родители. Најскептични се за потребата на формирање повеќепартиски групи за потребите и правата на жените (5%), Ромите (3%) и ЛГБТИ+ заедницата (1%). Со тоа што испитаниците ја потенцираат потребата за формирање повеќепартиски групи за прашања за кои веќе постојат такви групи во Собранието, се јавува потребата за подобро информирање на граѓаните за работата на овие собраниски групи (Графикон 49).

ГРАЃАНИТЕ СЕ ПОДЕЛЕНИ ОКОЛУ ТОА ЗА КОИ ПРАШАЊА Е ВАЖНО ДА СЕ ФОРМИРААТ ПОВЕЌЕПАРТИСКИ ГРУПИ ВО СОБРАНИЕТО




Графикон 49. За кои прашања сметате дека е важно да се формираат вакви групи? (%)

Испитаниците не идентификуваа доминантна маргинализирана група чии интереси пратениците најдобро ги застапуваат. Најголем процент од испитаниците не знаат интересите на која маргинализирана група се најдобро застапени или немаат одговор на прашањето (21%). Граѓаните кои одговорија се поделени во перцепцијата, при што најголем процент (15%), сметаат дека пратениците најдобро ги застапуваат интересите на корисниците на социјална помош. Понатаму, исто така сметаат дека во Собранието најдобро се застапени интересите на лицата од ЛГБТИ+ заедницата (11%) и лицата со посебни потреби (11%). Според анкетираните, најмалку застапени се интересите на жителите на руралните области (4%), жените (4%), невработените (5%) и младите - 5% (Графикон 50).

ИНТЕРЕСИТЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ВО РУРАЛНИ ОБЛАСТИ, ЖЕНИТЕ, МЛАДИТЕ И НЕВРАБОТЕНИТЕ НАЈМАЛКУ ЗАСТАПЕНИ




Графикон 50. Од следните групи граѓани чии интереси сметате дека Собранието најдобро ги застапува: (%)

# XI.

# СРЕДНА ОЦЕНКА ЗА РАБОТАТА НА СЪБРАНИЕТО

# XI. СРЕДНА ОЦЕНКА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Испитаниците на скала од 1 до 5, каде што 1 е најлошо, а 5 најдобро, ја оценија работата на Собранието со средна оценка од 2,2. Во споредба со 2022 година, оваа година се забележува пад од 0.3 поени и пад од 0.4 поени во споредба со 2021 година. Оценката за работата на Собранието флуктуира низ годините, со тоа што во 2017 година работата на Собранието ја добива највисоката средна оценка (3.4) од 2009 година, па сè до овогодинешното истражување. Средната оценка од 2.2 оваа година укажува на влошено мислење на јавноста за работата на Собранието (Графикон 51).

СРЕДНАТА ОЦЕНКА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО Е 2.2




Графикон 51. Средна оценка за работата на Собранието (на скала од 1 - најслабо до 5 - најдобро)

# XII.

# ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО – ИЗВЕШТАЈ НА ФОКУС ГРУПИ

# XII. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО – ИЗВЕШТАЈ НА ФОКУС ГРУПИ

Испитаниците беа прашани во која насока сметаат дека се движи животот во Северна Македонија. Повеќе од две третини сметаат дека животот во државата се движи во погрешна насока (69%), додека само околу една четвртина од испитаниците (24%) сметаат дека животот се движи во правилна насока. 7% од испитаниците не знаеја како да одговорат на прашањето. Споредено со 2022 година, процентот на испитаници што сметаат дека животот се движи во правилна насока оваа година бележи пад од 4%. Од друга страна, процентот на испитаници кои сметаат дека животот во Северна Македонија се движи во погрешна насока бележи раст од 6%. Генерално перцепцијата на граѓаните бележи влошување во споредба со трите последни години (Графикон 52).

ГРАЃАНИТЕ СМЕТААТ ДЕКА ОПШТО ЖИВОТОТ ВО ДРЖАВАТА СЕ ДВИЖИ ВО ПОГРЕШНА НАСОКА




Графикон 52. Дали сметате дека општо животот во Северна Македонија се движи во: (%)

Од фокус групите дознаваме дека иако граѓаните се генерално незадоволни со квалитетот на живот, согледуваат дека има поместување во евроинтеграциите. Овие ставови беа најизразени во албанските моноетнички фокус групи, каде присутните сметаа дека има многу одлучност за преговорите со Европската Унија и дека државата е одлучна во однос на членството во ЕУ - *„државата се движи, бавно но во позитивна насока, во смисла на влез во НАТО/ЕУ“ (Етничка Македонка, Гевгелија, 65+)* или *„факт е дека имавме неколку позитивни чекори, но гледаме дека политичките структури ја имаат изгубено идеологијата, пошто имаше голема надеж и сега разочарувањето е поголемо“ (Етничка Албанка, Струга, 18-30).* Сепак, доминира мислењето дека државата не се движи во правилна насока, дека сè уште сме во транзиција, додека политичките структури ги загубија своите идеологии – *„Масовно иселување на младите, укажува на тоа дека работите не се како што треба“ (Етнички Албанка,*

*Тетово, 31-50).* Незадоволството со тоа во која насока се движи државата најчесто се поврзува со економските услови, квалитетот на образованието, корупцијата, нестручна администрација, лошото здравство – *„Незадоволна сум како студент. Крајно е мизерно. Студентски стандард и стипендиите во однос на општата состојба“ (Етничка Македонка, Штип, 18-30).*

Ако се анализираат анкетните податоци според регионите на кои им припаѓаат испитаниците, произлегува дека најголеми оптимисти се жителите на Југозапад (54%), каде над половина одговорија дека животот се движи во правилна насока. Најмногу негативни одговори, односно дека животот се движи во погрешна насока дале жителите на Вардарски Регион - 80%, потоа на Југоисточен Регион - 76%, а по нив се жителите на Пелагониски, Полошки и Североисточен Регион – 73% (Графикон 52.1).

## ГРАЃАНИТЕ СМЕТААТ ДЕКА ОПШТО ЖИВОТОТ ВО ДРЖАВАТА СЕ ДВИЖИ ВО ПОГРЕШНА НАСОКА - ПО РЕГИОНИ




Графикон 52.1. Дали сметате дека општо животот во Северна Македонија се движи во: (%)

Граѓаните како најголеми проблеми ги идентификуваат инфлацијата и високите цени, како и ниските плати/пензии. Невработеноста е трет најспоменуван проблем, додека и иселувањето на младите се идентификува како важен проблем. Корупцијата е петти најспоменуван проблем кај испитаниците (Графикон 53). Тие сметаат дека треба поголем фокус на пратениците на секојдневните проблеми со кои се соочуваат – *„Треба повеќе фокус на проблемите секојдневни на граѓаните, не се сите за висока политика" (Етничка Македонка, Битола, 31-50).*

ИНФЛАЦИЈАТА, НИСКИТЕ ПЛАТИ И НЕВРАБОТЕНОСТА
ГЛАВНИ ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ГРАЃАНИТЕ




Графикон 53. Според вас, кои се главните проблеми со кои се соочуваат граѓаните во оваа држава? (прво + второ спомнување) (%)

Општиот став е дека земјата не се движи во правилна насока, перцепција која ја споделуваат учесници во сите фокус-групи. Перцепцијата дека животот во земјата тргнал во погрешна насока не е нова, што се гледа и во претходните години од анкетното истражување, меѓутоа постои заедничка перцепција дека последниве години се влошил квалитетот на живот. Иако има општо незадоволство, некои проблеми се повторуваат почесто во дискусиите во фокус групите. Тие започнуваат со загриженост за економската криза и недостигот на значајни инвестиции - *Со платата не можеш да ги покриеш основните потреби"(Етнички Македонец, Кавадарци, 31-50)*. Сите возрасни групи спомнуваат економските услови и финансиската состојба како проблем, при што постарите лица се загрижени поради несигурноста и социјалното изолирање предизвикани од неодамнешната економска криза и високата инфлација. Помладите луѓе, главно, се загрижени поради ограничените можности за примена на своите вештини и знаења на малото работно пазарче. Учесниците во фокус групите исто така сметаат дека корупцијата и иселувањето на младите се клучни проблеми во македонското општество – *„Во просвета последните години не се работеше – родителите настапуваа со закани, корупција. Во малите градови се губат квалитетните под притисоци, постои голема корупција и за ситни работи„(Етнички Македонец, Гостивар, 65+)*, додека учесник од Струга вика *„да ги едуцираш младите, за после да ни ги зема Германија е политика на депопулација" (Етнички Албанец, Струга, 65+).*

На прашањето колку често разговарате за политика со вашите пријатели и семејството, 11% од испитаниците одговорија „секој ден", 28% „неколку пати неделно", додека 35% „неколку пати месечно". Од друга страна, 26% од испитаниците одговорија дека никогаш не разговараат за политика. Имајќи ги предвид одговорите на граѓаните во минатите години, може да се заклучи дека во 2023 граѓаните најретко разговарале за политика со своето семејство и пријателите. Имено во 2021 година, 16% од граѓаните рекле дека со блиските разговараат за политика секој ден, додека во 2023 година, овој процент бележи пад од 5 процентни поени (11%). Соодветно на тоа, споредено со 2021 година забележано е зголемување за 10 процентни поени на процентот на граѓани кои рекле дека никогаш не разговараат за политика со своите пријатели и семејство (Графикон 54).

ГРАЃАНИТЕ РЕТКО РАЗГОВАРААТ ЗА ПОЛИТИКА СО СВОЕТО СЕМЕЈСТВО И ПРИЈАТЕЛИТЕ




Графикон 54. Колку често разговарате за политика со вашите пријатели и семејство? (%)

Испитаниците беа замолени да ја оценат нивната доверба во неколку општествени чинители и државни институции. Граѓаните очекувано најмногу доверба имаат во верските заедници (5.1), војската (5.1) и полицијата (4.3). Сите други институции добија просечни оценки под средината на скалата, вклучувајќи ги и невладините организации (4.0), јавните здравствени установи (3.6), медиумите (4.0), јавната администрација (3.8) и општините (4.2). Највисока оценка на доверба од најзначајните државни институции во политичкиот систем доби Претседателот на државата – 3.6, додека најниска оценка на доверба доби судството со 2.7, при што довербата во Собранието (3.4) и Владата (3.3) беше оценета речиси исто. Граѓаните ниска доверба имаат и во јавното обвинителство (2.7), политичките партии (3.0), државната комисија за спречување корупција (2.9) и државниот завод за ревизија (3.1). Генерално, може да се забележи ниска доверба во сите општествени чинители и државни институции, што претставува алармантна состојба (Графикон 55).

ГРАЃАНИТЕ СО НАЈМЛАКУ ДОВЕРБА ВО СУДСТВОТО
(НА СКАЛА ОД 1 ДО 10)




Графикон 54. Доверба во институции - На скала од 1 - 10 опишете колкава е вашата доверба во следите институции:

Доколку ги споредуваме податоците за довербата во четирите најважни институции во државата, се забележува опаѓачки тренд на доверба. Споредено со минатата, 2022 година може да се забележи дека пад во довербата бележат сите институции. Судството останува најниско рангирано од сите четири институции (2.7), додека Собранието доби помала оценка за 0.6 поени, од 4.0 поени во 2022 година на 3.4 во 2023 година. Довербата во Претседателот на државата, исто така, бележи пад во 2023 година (од 0.6 поени), што всушност претставува и најниска оценка која оваа институција ја има добиено во последните четири години, иако највисоко рангиран во споредба со другите институции. Владата исто така бележи пад од 0.6 пени, од 3.9 во 2022 година, на 3.3 во 2023 година. Генерално, доколку се земат предвид анализите од 2020 година, може да се забележи дека оценките на сите институции, се значително намалени во последните неколку години (Графикон 55.1).

ДОВЕРБАТА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ВО СЛОБОДЕН ПАД




Графикон 55.1. Доверба во институции - На скала од 1 - 10 опишете колкава е вашата доверба во следите институции (резултати од последните 4 години)

Граѓаните генерално немаат доверба во Собранието, пратениците и политичките партии. Тие сметаат дека пратениците работаат само за лични интереси – *„Не се трудат, гледаат за свои лични интереси. Кога ќе дојдат на власт гледаат да фатат тендери, не ги интересира проблемите на граѓаните“ (Етничка Македонка, Скопје, 31-50).*

Според учесник во фокус групата во Скопје *„Собранието е арена за одмерување на силите на партиите, нема објективност, само се соочуваат за политички поени. Законските решенија се во насока на партијата, а не народот. Туркаат агенда на лидерот на партијата“ (Етнички Македонец, Скопје, 31-50).* Слично мислење делаат учесниците од сите фокус групи – *„за личен интерес се согласуваат, за народот популизам“ (Етничка Македонка, Гевгелија, 31-50).* Ниската доверба ја препишуваат на минати разочарувања,

но најмногу на тоа што сметаат дека пратениците работаат само за сопствени интереси *„Собранието си носи закони за нивни интереси, а не за работничката класа. Тие ги донесуваат со дупки за да може тие да ги искористат“ (Етнички Македонец, Куманово, 51-65).* Слично мислење делаат и за политичките партии, што ја објаснува ниската доверба во политичките актери. Учесниците во фокус групите генерално сметаат дека и политичките партии работат за сопствени интереси, наместо интересите на граѓаните.

Тие сметаат дека пратениците не ги решаваат проблемите што ги идентификуваа. Кога зборуваат за работата на Собранието, имаат многу малку информации и сметаат дека оваа институција не е транспарентна кон граѓаните. Дека пратениците зборуваат на јазик што народот не го разбира и дека немаат директна комуникација со нив. Сметаат дека повеќето закони се гласаат со забрзана постапка и тоа значи дека нема вистинска дебата во Собранието. Законите иако можеби се добри, истите не се имплементираат – *„Многу работи фалат, на пример законот за млади не се спроведува. После донесување закон следи нова борба за негова имплементација“ (Етничка Македонка, Битола, 18-30).* Сметаат дека пратениците не се подготвени за функцијата што ја имаат, се сомневаат во нивните способности - *„не учи многу, ќе станеш пратеник“ (Етнички Албанец, Тетово 65+).* Учесниците од албанските фокус групи сметаат дека македонските пратеници се многу поактивни од албанските пратеници. Генерално постои мислење дека пратениците не се спремни за обврските кои произлегуваат од евро-интегративниот процес, но и дека нема искрена волја меѓу нив – *„само се караат, но не сакаат да одиме во Европа, затоа што ќе го немаат тоа што го имаат, комодитет да прават што сакаат“ (Етнички Македонец, Куманово, 65+).* Учесниците исто така сметаат дека сите пратеници се исти и дека не се конструктивни во Собранието *„не се фокусирани да го најдат решението, туку само да се вадат проблемите во површина“ (Етничка Македонка, Гевгелија, 51-65).* Не гледаат надеж во новите пратеници и партии и сметаат дека и да дојдат на власт ќе бидат исти како другите партии. На прашањето што треба да направат пратениците за да покажат дека постои политичка волја за реформи и подобрување на квалитетот на животот, учесниците најмногу очекуваат консензус и соработка меѓу политичките партии – *„Ако нешто е добро општо за државата, да има консензус“ (Етничка Македонка, Штип, 51-65).*

Граѓаните се исто така генерално незапозаени кои се нивните пратеници и можеа да препознаат многу мал број пратеници од последниот мандат. Од друга страна, учесниците беа во можност да идентификуваат пратеници од претходни мандати – *„проблем е што гласаме за партија, а не индивидуалци – во Собрание се склоп на луѓе кои се од партија“ (Етнички Македонец, Гостивар, 18-30).* Тие сметаат дека Собранието не е независно и е често под влијание на политичките партии и Владата *„Собранието е пион на Влада, односно на политичките елити“ (Етнички Македонец, Битола, 65+).*

Како што укажуваат и анкетните податоци, учесниците во фокус групите изјавија дека немале можност за учество во работата на Собранието, дека најчесто се информираат преку медиуми, социјални мрежи и интернет портали, и дека тешко се снаоѓаат на веб-страната на Собранието. Контактот со Собранието и пратениците генерално е анегдотален, и зависи колку проактивно самите се обидуваат да учествуваат во работата на Собранието. Сепак сметаат дека најголем број на пратениците се нереспонзивни, со ретки исклучоци.

# XIII. ДЕМОГРАФСКА ДИСТРИБУЦИЈА НА АНКЕТНИТЕ ИСПИТАНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| Пол | Машко | 50% |
| | Женско | 50% |

| | | |
|---|---|---|
| Возраст | 18-29 | 20% |
| | 30-39 | 19% |
| | 40-49 | 22% |
| | 50-64 | 16% |
| | 65+ | 22% |

| | | |
|---|---|---|
| Етничка припадност | Македонска | 69% |
| | Албанска | 26% |
| | Друга | 5% |

| | | |
|---|---|---|
| Економски статус | Формално вработен/а во државен сектор со полно работно време | 20% |
| | Формално вработен/а во државен сектор со скратено работно време | 0% |
| | Формално вработен/а во приватен сектор со полно работно време | 27% |
| | Формално вработен/а во приватен сектор со помалку од 30 часа | 1% |
